ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр.02-4025/12
21.09 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20 215/21 и 99/22), Секретарот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по интерен оглас број 04/2023**

1.За извршител на работно место:

- **Раководител на Одделение за општи работи** во Сектор за правни и организациони работи , како прво рангиран кандидат се избира **Светлана Ристова**, со освоени вкупно 38.70 бода.

2.Именуваната од точка 1 на оваа Одлука ќе биде унапредена на работното место **Раководител на Одделение за општи работи со шифра на работно место УПР0101Б04000** по завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во врска со Интерниот оглас бр.04/2023, објавен на веб страната на општината и Агенцијата за администрација на ден 07.09.2023 година за унапредување на административен службеник на работно место - **Раководител на Одделение за општи работи со шифра на работно место УПР0101Б04000**, Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр.02-4025/8 20.09.2023 година, донесено од страна на Секретарот на општината, по спроведената административна селекција и спроведеното интервју со кандидатот, состави финална ранг-листа и му го предлага прворангираниот кандидат на секретарот. Врз основа на доставениот предлог се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, односно денот на приемот на одлуката.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**СЕКРЕТАР**
**Георги Трајчев**

Доставено до:
-Административен службеник;
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Архива